Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

**МФРСМ.Ф.8.5/9-1**



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**јануари, 2023 година**

## СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ........ 2
**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ........ 3
Индустриско производство ........ 3
Број на работници во индустријата ........ 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5
Инфлација ........ 5
Берзански цени ........ 7
**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ........ 8
Извоз ........ 9
Увоз ........ 10
Салдо на трговска размена ........ 10
Валутна структура ........ 11
**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ........ 12
Буџетски приходи според економската класификација ........ 12
Буџетски расходи според економската класификација ........ 13
Расходи по буџетски корисници ........ 13
Буџетско салдо ........ 15
**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ........ 15
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 15
Плати ........ 16
Пензии ........ 17
**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ........ 17
Примарни пари ........ 18
Депозитен потенцијал ........ 18
Кредити на банките ........ 19
Каматни стапки на депозитни банки ........ 19
Пазар на капитал ........ 20
Девизни резерви ........ 20



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2023 година

- Индустриското производство во јануари 2023 година забележа пад од 2,3% во споредба со истиот месец претходната година;

- Во јануари, потрошувачките цени регистрираа годишен раст од 17,1% (18,7% во декември 2022 година) што преставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец, а на месечно ниво стапката на инфлација остана непроменета;

- Во јануари 2023 година извозот забележа раст од 13,7%, а увозот раст од 5,0%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 13,3%, споредено со истиот месец од 2022 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2023 година изнесуваа 19.278 милиони денари, односно 2,1% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,0% во однос на јануари 2022 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2023 година изнесуваа 20.690 милиони денари, односно 2,2% од БДП, што е за 2,3% повеќе во однос на јануари претходната година;

- Вкупните кредити на банките во јануари 2023 година се зголемија за 8,5% во споредба со јануари 2022 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 4,5%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во јануари 2023 година забележа пад од 2,3% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во јанаури 2023 година се должи на намаленото производство во секторот Преработувачка индустрија (-5,0%), додека раст бележат секторите Рударство и вадење камен (за 2,4%) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (за 23,0%).




Раст на производството во јанаури 2023 година бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки коишто сочинуваат 50,0% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во јанаури 2023 година е забележан во гранките производство на машини и уреди од 3,9% со придонес од 0,3 п.п. и производство на електрична опрема од 1,5% со придонес од 0,1 п.п., додека гранката производство на моторни возила, приколки и полуприколки бележи намалување од 4,5% со придонес од -0,5 п.п.




Од традиционалните гранки, во јануари 2023 година зголемување на производството се забележува кај: производство на тутунски производи за 15,0% со придонес од 0,1 п.п., производство на текстил за 5,2% со придонес од 0,3 п.п., производство на облека за 3,5% со придонес од 0,2 п.п. и производство на кожа за 59,3% со придонес од 0,4 п.п., додека пад се забележува во следните гранки: производство на прехранбени производи за 1,8% со придонес од -0,2 п.п., производство на пијалаци за 23,6% и придонес од -0,9 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 25,9% со придонес од -0,3 п.п.

Графикон 13а: Гранки со позитивен придонес во растот
(стапки на раст во %, јануари 2023 година)




Извор: ДЗС

Графикон 13б: Гранки со негативен придонес во растот
(стапки на раст во %, јануари 2023 година)




Извор: ДЗС

Намалување на индустриското производство според намената на произведените единици во јануари 2023 година е последица на намаленото производство во следните гранки: Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 15,1%, придонес од -5,2 п.п.) и Капитални производи (пад од 2,6% со придонес од -0,5 п.п.), додека зголемување на производството бележат гранките: Енергија (раст од 15,1% со придонес од 1,3 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 9,0% и придонес од 0,4 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 6,2% со придонес од 2,0 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јануари 2023 година е зголемен за 0,5% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 1,0%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен за 3,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 3,8%. Сепак, постојат гранки со релативно висок раст на вработеноста, како што се: производство на моторни возила, приколки и полуприколки со раст од 16,0%, производство на електрична опрема со раст од 6,3% и производство на компјутерски, електронски и оптички производи со раст од 5,5%.

Графикон 14: Вработеност и продуктивност во индустријата
(стапки на раст во %)




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2023 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Капитални производи од 12,7%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2023 година беа издадени вкупно 390 одобренија за градење, што претставува раст од 50,6% во однос на истиот месец од 2022 година. Споредено со декември 2022 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 27,0%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари 2023 година е повисока за 33,6% на годишна основа, а во однос на претходниот месец бележи раст од 8,5%.

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 169 (или 43,3%) се наменети за објекти од високоградба, 131 (или 33,6%) за објекти од нискоградба и 90 (или 23,1%) за реконструкција на објекти.

Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јануари 2023)*




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 390 издадени одобренија за градба, на 182 објекта (или 46,7%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 208 објекти (или 53,3%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.7:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во јануари 2023 година предвидена е изградба на 677 станови со вкупна корисна површина од 57.990 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 7,0%, а на годишно ниво е зголемен за 91,8%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јануари регистрираа годишен раст од 17,1% (18,7% во декември 2022 година) што преставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец. Инфлацијата главно се должи на растот на цените на храната, како и на растот на цените на енергентите што имаше преносен ефект врз другите категории (базична инфлација). Цените на енергентите во 2022 година се зголемија како резултат на зголемувањето на цените на струјата и на топлинската енергија, со одлука на РКЕ во два наврата.

Базичната инфлација (инфлација во која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) во јануари регистрира зголемување од 10,5% на годишна основа (11,1% претходниот месец), при што најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категоријата Ресторани и хотели.

Графикон 1.8: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество (10,2 п.п. придонес во растот во јануари) при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 25,1% (27,1% претходниот месец) на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: леб и житни производи (годишен раст од 39,1%, придонес 3,3 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 36,2%, придонес 2,8 п.п.) и месо (годишен раст од 28,3%, придонес 2,6 п.п.). Цената на маслото во јануари регистрира зголемување од 18,4%.

Гледано по компоненти, по категоријата Храна и безалкохолни пијалаци највисок годишен раст на цените во јануари 2023 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели и тоа од 21,2%. Раст на цените е регистриран во сите категории, и тоа: Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата за 17,7%, Разновидни стоки и услуги за 15,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива за 15,8%, Транспорт за 11,6%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 8,4%, Рекреација и култура за 7,6%, Здравствена заштита за 4,3%, Облека и обувки за 2,7%, Комуникации за 1,6% и Образование за 0,3%.

Графикон 1.9: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Во јануари, потрошувачките цени останаа непроменети на месечно ниво. Пад на потрошувачките цени на месечно ниво се забележува во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци за 0,2% (придонес во намалувањето на цените за 0,1 п.п.) при што цените на зеленчукот и маслото се намалија за 5,2% и 3,2%, соодветно. На месечно ниво, освен храната намалување регистрираа категориите Транспорт и Облека и обувки од 3,3% и 1,3%, соодветно.

Во јануари, раст на цените регистрираа следниве категории: Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива за 1,7%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата за 1,6%, Разновидни стоки и услуги за 1,3%, Рекреација и култура за 1,2%, Ресторани и хотели за 0,6% и Комуникации за 0,2%. Цените во другите категории останаа непроменети на месечно ниво.

Во јануари 2023 година, цените на мало се зголемија за 13,3% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа пад од 0,4%.

Во еврозоната, стапката на инфлација во јануари 2023 година регистрира одредено забавување и изнесуваше 8,5% (9,2% во декември). Забавувањето на растот на стапката на инфлација главно се должи на енергетската компонента, додека базичната инфлација сè уште регистрира тренд на пораст (во јануари базичната инфлација регистрира раст). Гледано по компоненти, цените на енергијата се зголемија за 17,2% (25,5% во декември), следени од порастот на цените на храна, алкохол и тутун за 14,1% (13,8% во декември), нееенергетски индустриски добра за 6,9% (6,4% во декември) и услуги за 4,2% (4,4% во декември). Согласно остварените стапки на раст, како и очекувањата за движењето на цените на храната и нафтата на светските берзи и воениот конфликт меѓу Русија и Украина, ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока, па согласно проекциите од декември стапката на инфлација во 2022 година би достигнала 8,4%, 6,3% во 2023 и 3,4% во 2024 година.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јануари 2023 година на месечно ниво регистрира раст од 2,7% и изнесува 83,1 долар за барел (веќе неколку месеци по ред цената на нафтата е под 100 долари за барел). Цената на суровата нафта забележа драматичен раст од февруари 2022 година како резултат на војната помеѓу Русија и Украина односно стравувањата од прекин во снабдувањето поради воведените санкции од страна на западните земји кон Русија и можните контрасанкции од страна на Русија, меѓутоа од јули 2022 година цените забележаа пад како резултат на зголемените стравувања од глобална рецесија и воведените карантини во Кина, што може да предизвика намалување на побарувачката. На годишно ниво, цената на нафтата е пониска за 2,9%.




Во 2022 година, просечната цена на нафтата изнесуваше 99,8 долари за барел и во споредба со 2021 година истата е повисока за 41,7%.

Во 2022 година, цената на природниот гас континуирано регистрира високи стапки на раст (раст од 115,5% во споредба со 2021 година) како резултат на зголемената побарувачка особено по нападот на Русија врз Украина. Ограничената испорака на руски природен гас во Европа предизвика рекорден раст на неговата цена. Во август 2022 година, цената на гасот регистрира рекорден раст, меѓутоа од септември истата забележа пад како резултат на поволните временски услови и обезбедените залихи гас. Како резултат на тоа трендот продолжи и во 2023 година. Во јануари 2023 година, цената на природниот гас регистрира пад од 40,8% на



месечно ниво. На годишно ниво, цената на природниот гас во јануари 2023 година се намали за 24,2%.

Цените на енергентите на светските и регионалните берзи во 2021 и 2022 година значително се зголемија во однос на 2020 година. Кон крајот на 2022 и почетокот на 2023 година се забележува одредено стабилизирање, па така во јануари 2023 година цената на електричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 148,7 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 43,1%. На годишно ниво, во јануари цената на електричната енергија регистрира пад од 25,3%.

Графикон 1.12: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

Во јануари 2023 година, цените на следните основни метали регистрираа раст: калај за 16,5%, бакар за 7,9%, цинк за 5,8% и алуминиум за 4,2%. Цените на оловото и никелот се намалија за 0,7% и 2,6%, соодветно. Цената на железната руда регистрира раст од 9,3%.

Цената на пченката на светските берзи во јануари 2023 година се зголеми за 0,2% на месечна основа, а цената на сончогледовото масло регистрира пад од 1,3% во споредба со претходниот месец.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во јануари 2023 година изнесува 1.470,1 милион евра и бележи раст од 8,5% во однос на истиот месец минатата година.

Во јануари 2023 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 1,6 п.п. споредено со јануари 2022 година и изнесува 59,6%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во јануари 2023 година изнесува 23,3% и е зголемено за 0,2 п.п. во однос на истиот месец од 2022 година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
(износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

[1]Започнувајќи од јануари2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во јануари 2023 година изнесува 621,1 милион евра и бележи раст од 13,7% (75,1 милион евра) во однос на истиот месец од 2022 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 2,1% споредено со јануари 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2023 година извозот бележи пад од 4,5% (29,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 2,5%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (7,0 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во јануари 2023 година се: хемиски материи и производи, електрични машини и делови, железо и челик, друмски возила, електрична енергија, облека и мебел и негови делови. Овие седум групи производи сочинуваат 70,8% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во јануари 2023 година споредено со јануари 2022 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има во групациите: Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Графикон 2.3: Структура на извозот по СМТК




Графикон 2.4: Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

---

[2]Стандардна меѓународна трговска класификација

[3]Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извозници на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско-пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам)и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 11,4% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 34,9%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 77,6% и 11,6%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увозот во јануари 2023 година изнесува 849,0 милиони евра, што претставува раст од 5,0% (40,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2022 година, а увезените количини стоки се намалени за 1,6% споредено со јануари 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2023 година увозот бележи пад од 16,3% (164,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 3,6%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (19,8 п.п.) врз увозот овој месец.




Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2022 | I-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 10,8 | 11,2 | 0,4 | 3,7 |
| Мил.ЕУР | 7,8 | 10,4 | 2,6 | 33,8 |
| Мил.$ | 8,8 | 11,3 | 2,4 | 27,5 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2022 | I-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 103,7 | 100,8 | -2,9 | -2,8 |
| Мил.ЕУР | 65,6 | 81,5 | 16,0 | 24,4 |
| Мил.$ | 74,2 | 87,9 | 13,7 | 18,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2022 | I-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 1,7 | 3,3 | 1,6 | 96,3 |
| Мил.ЕУР | 164,5 | 162,6 | -1,9 | -1,2 |
| Мил.$ | 186,3 | 176,0 | -10,4 | -5,6 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2022 | I-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 1,9 | 1,5 | -0,4 | -19,6 |
| Мил.ЕУР | 12,3 | 11,3 | -1,0 | -8,1 |
| Мил.$ | 13,9 | 12,2 | -1,7 | -12,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2022 | I-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 62,2 | 53,4 | -8,8 | -14,1 |
| Мил.ЕУР | 68,9 | 45,6 | -23,3 | -33,8 |
| Мил.$ | 78,0 | 49,2 | -28,8 | -36,9 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2022 | I-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 68,8 | 77,4 | 8,6 | 12,5 |
| Мил.ЕУР | 54,9 | 54,2 | -0,7 | -1,2 |
| Мил.$ | 62,1 | 58,7 | -3,4 | -5,5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 13,3% односно 34,9 милиони евра споредено со истиот месец од 2022 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива и индустриски набавки, како и од зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во јануари 2023 година, 75,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Грција, а потоа следуваат: Кина, Русија, Турција, Полска, Србија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија, Швајцарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,0% од трговската размена во јануари 2023 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2022 година претставува зголемување за 1,5 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 94,0% и 90,6%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 1,6 п.п., а кај увозот за 1,3 п.п. во однос на јануари 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-2022 | | | | | I-2023 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 395,0 | 723 253 238 | 61,6252 | 44 570 625 427 | 89,3 | 484,5 | 769 808 473 | 61,6181 | 47 434 135 500 | 90,6 | 46 555 236 | 6,4 |
| УСД | 144,4 | 91 135 032 | 51,2797 | 4 673 377 099 | 9,4 | 46,1 | 80 279 668 | 57,2404 | 4 595 240 321 | 8,8 | -10 855 364 | -11,9 |
| ГБП | 0,1 | 984 442 | 71,1297 | 70 023 085 | 0,1 | 0,1 | 1 053 069 | 69,8443 | 73 550 866 | 0,1 | 68 627 | 7,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 539,5 | | | 49 314 025 610 | 98,7 | 530,7 | | | 52 102 926 686 | 99,6 | | |
| вк извоз: | 540,4 | | | 49 894 780 892 | 100,0 | 531,7 | | | 52 331 819 130 | 100,0 | | 4,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2023 година изнесуваа 19.278 милиони денари, односно 2,1% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,0% во однос на јануари 2022 година. Ова е втор последователен месец во кој е забележан годишен раст на приходите, при што во декември 2022 година е забележан годишен раст на приходите од 12,7%, а во ноември пад од 0,9%.

Даночните приходи се реализирани во износ од 11.726 милиони денари и се повисоки за 11,0% во однос на јануари 2022 година, како резултат на високиот раст на приходите од данокот на додадена вредност (ДДВ), увозните давачки, данокот на добивка и персоналниот данок на доход.

Приходите од ДДВ стандардно имаат доминантно учество во вкупните даночни приходи, 52,8%, со остварен износ од 6.193 милиони денари, што претставува зголемување од 7,0% во однос на истиот месец претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од 9.460 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 3.268 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 4,5%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 0,04% споредено со јануари 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележа пониско остварување за 11,9%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 29,8%.

Графикон 3.1: Приходи по категории
(износи во милиони денари)




Извор: МФ.

Акцизите се остварени во износ од 2.253 милиони денари (учество од 19,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 10,4% во споредба со јануари 2022 година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 8.446 милиони денари, што претставува 72,0% од вкупните даночни приходи во јануари 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 1.645 милиони денари и бележат раст од 18,1% на годишна основа, а притоа 64,7% од приходите се од плата и други лични примања, 8,9% од приходи по основ на договор на дело, 8,7% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 5,9% од приходи од капитал и 11,8% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 866 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 24,6% во однос на претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации, коишто се зголемени за 53,1%, додека даночните биланси бележат неколкукратно намалување.

Приходите од царина се остварени во износ од 711 милиони денари и забележаа зголемување од 17,5%. Приходите од други даноци со остварен износ од 58 милиони денари забележаа повисоко остварување за 34,9% во однос на јануари минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 5.853 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 18,0% споредено со јануари претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 17,6%, кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 18,2%, а кај придонесите за вработување за 18,6%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 1.179 милиони денари и во однос на јануари 2022 година забележаа повисоко остварување за 30,6% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствarија во износ од 104 милиони денари, што е зголемување за 6,1% во однос на јануари минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствarија во износ од 321 милион денари, па истите се повисоки 83,4% во споредба со јануари 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2023 година изнесуваа 20.690 милиони денари, односно 2,2% од БДП, што е за 2,3% повеќе во однос на јануари претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 19.423 милиони денари учествуваа со 93,9% и се зголемени за 6,5% во однос на јануари 2022 година.




Платите и надоместоците се реализирани во износ од 2.693милиони денари, што претставува зголемување за 5,0% на годишна основа, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,0%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 1.008 милиони денари и споредено со јануари 2022 година забележаа зголемување од 3,5%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 14.426 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 7,2% споредено со јануари 2022 година и учествуваа со 69,7% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 13,9% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 11.443 милиони денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 55,3%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 7.039 милиони денари, што е зголемување за 14,8% споредено со јануари 2022 година и учествуваат со 34,0% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери е регистриран пад од 15,9%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 693 милиони денари и се намалени за 55,2% на годишна основа. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 1.890 милиони денари забележаа раст од 17,9% во споредба со истиот месец претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 1.267 милиони денари со структурно учество од 6,1% во вкупните расходи, и забележаа пониска реализација од 36,0% во споредба со јануари 2022 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 80% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Министерството за труд и социјална политика во јануари 2023 година реализира 5.914 милиони денари или 11,1% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (74,9%) од расходите во овој период беа наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 4.428 милиони денари или 12,7% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 18,8% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 8,8% (1.112 милиони денари) од планираните за 2023 година.

Во јануари 2023 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] беа реализирани 3.652 милиона денари, што претставува 4,9% од предвидените за 2023 година. Каматни плаќања (1.297 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 35,5%, а притоа беа реализирани 10,0% од планираните. Значајна ставка е и капитални расходи за што беа издвоени 1.111 милиони денари (30,8% од планираното), односно 30,4% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Графикон 33: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (јануари 2023 година)




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 2.053 милиони денари, што е 6,4% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (77,5%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што беа потрошени 1.592 милиона денари или 8,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 20,6%, за што беа потрошени 424 милиони денари, односно 8,1% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи беа реализирани вкупно 1.000 милиони денари, што претставува 7,9% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 63,7%, за што беа потрошени 637 милиони денари или 7,4% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 30,9%, за што беа реализирани 309 милиони денари или 12,3% од годишниот план.

Во јануари 2023 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира средства во износ од 9,9 милиони денари што претставува само 0,1% од планираните средства за тековната година. Од овој износ, доминантно учество (96,7%) отпаѓа на плати и надоместоци, за што се потрошени 9,6 милиони денари или 7,1% од вкупно планираните средства за 2023 година.

Во јануари 2023 година Министерството за одбрана реализира буџетски средства во износ од 780 милиони денари, што е 4,6% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 51,1%, за што во овој период беа реализирани 399 милиони денари (8,1% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествува со 29,0% во вкупните расходи, за што во анализираниот период беа потрошени 226 милиони денари, односно 6,0% од вкупно предвидените.

[4] Во рамките на овој раздел се опфатени активности како: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Владата на Република Северна Македонија во јануари 2023 година реализира вкупно 68 милиони денари, односно 0,4% од планираните средства за 2023 година. Притоа, стоки и услуги учествува со 36,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а притоа беа реализирани во износ од 24,4 милиони денари (3,3% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во јануари 2023 година, изврши буџетски средства во износ од 54,3 милиони денари, што е само 0,8% од вкупниот буџет за 2023 година. Стоки и услуги има доминантно учество со 72,1% за што беа потрошени 39 милиони денари или 1,2% од предвидените средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество во расходите од 15,5%, за што во овој период беа потрошени 8,4 милиони денари или 7,3% од средствата наменети за 2023 година.

Во овој период, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 72,8 милиони денари, што е само 0,4% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери како главна ставка изнесува 50,1% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (36,4 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## Буџетско салдо

Во јануари 2023 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 1.412 милиони денари, што претставува 0,2% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 1.506 милиони денари и претставува 0,2% од БДП. Буџетскиот дефицит во јануари 2023 година изнесува 3,3% од вкупно планираниот буџетски дефицит за 2023 година.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во јануари 2023 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 15.616 новозасновани работни односи. Во однос на јануари 2022 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 3,5%, со што продолжува трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи, кој претходно беше прекинат во август 2022 година. Трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи започна во април 2021 година, меѓу другото и како резултат на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 40,3% се вработени на неопределено време, а другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јануари 2023 година, 16,9% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во јануари 2023 година изнесува 157.960, од кои 111.896 се активни баратели на работа, а 46.064 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 11,2%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 1.863 лица, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица којшто беше прекинат во октомври 2022 година. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.

Најголем дел од активните невработени лица (60,0%) се градско население, а според половата структура 48,7% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,4%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,4% се со завршено средно образование, додека 8,2% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Анализирано според староснатa структура, 49,6% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 60,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 11,6% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Просечната номинална нето-плата во декември 2022 година оствари годишен раст од 14,8%, а во однос на ноември 2022 година е повисока за 4,1%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на декември 2021 година се забележува во следните сектори: Преработувачка индустрија (20,4%), Уметност, забава и рекреација (20,2%) и Административни и помошни

услужни дејности (19,0%). Во декември 2022 година, реалните плати забележаа годишен пад од 3,3%.

Просечната номинална бруто-плата во декември 2022 година споредено со истиот месец од 2021 година порасна за 14,9%, а на месечна основа истата е повисока за 4,0%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во декември 2022 година во однос на декември 2021 година се забележува во следните сектори: Преработувачка индустрија (20,8%), Уметност, забава и рекреација (20,5%) и Транспорт и складирање (19,2%). Во декември, реалната бруто-плата забележа годишен пад од 3,2%.

## Пензии

Во јануари 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 328.435 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 69,1% се корисници на старосна пензија, 22,5% се корисници на семејна пензија и 8,4% се корисници на инвалидска пензија.

Графикон 4.5: Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во јануари 2023 година изнесува 17.649 денари и е за 11,3% повисока во однос на истиот месец од 2022 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2022 година (последни расположливи податоци) изнесува 51,5%.

Просечната старосна пензија во јануари 2023 година изнесува 19.068 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 15.780 денари, а просечната семејна пензија 13.989 денари. За исплата на пензиите во јануари 2023 година беа потрошени 6.026 милиони денари, што претставува 52,7% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јануари 2023 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 4,75%, откако претходно ја зголеми во неколку наврати во текот на 2022 година (од 1,25% во март) како одговор на зголемената инфлација.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
( јануари 2023 година)




Извор: НБРСМ.

Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел

[5]При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

Во јануари, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена изнесуваа 2,65% и 2,70%, соодветно.

## Примарни пари

Во јануари 2023 година, примарните пари[6] се зголемија за 4,7% на годишно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 5,4%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 3,9%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 10,3%, што е резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките за 25,9%, додека готовите пари во оптек се намалија за 2,7%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во јануари 2023 година се намалија за 1,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатија се намалија за 4,1%, додека депозитите на домаќинствата останаа непроменети.

Од аспект на валутата, во јануари 2023 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа намалување од 1,6% и 0,6%, соодветно.




Вкупниот депозитен потенцијал во јануари 2023 година оствари раст од 4,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута на годишно ниво се зголемија за 2,3% и 7,4%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата бележат раст од 2,6%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 5,9%

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,6%, а долгорочните депозити за 0,2%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,2%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јануари 2023 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | *485.785* | *-1,2%* | *4,5%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *268.243* | *-1,6%* | *2,3%* |
| *Странска валута* | *217.542* | *-0,6%* | *7,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *212.925* | *-0,7%* | *5,6%* |
| *Долгорочни* | *97.487* | *0,2%* | *0,2%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | *419.909* | *-0,8%* | *8,5%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *240.983* | *-0,9%* | *4,9%* |
| *Странска валута* | *178.927* | *-0,5%* | *13,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *68.885* | *-2,2%* | *9,7%* |
| *Долгорочни* | *335.908* | *-0,6%* | *9,1%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.004* | *0,4%* | *-5,3%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во јануари 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,8% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон претпријатијата се намалија за за 1,6%, а кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,1%.

Од аспект на валутата, во јануари 2023 година, на месечно ниво денарските кредити се намалија за 0,9%, а девизните кредити регистрираа пад од 0,5%.

На годишна основа, во јануари 2023 година вкупните кредити се зголемија за 8,5%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,4% и раст на кредитите кон претпријатија од 9,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,9%, а кредитите во странска валута за 13,9%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,1%, а краткорочните кредити од 9,7%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,54 п.п. во споредба со претходниот месец и истата изнесува 4,98%. Каматната стапка на денарските кредити на месечно ниво се зголеми за 0,35 п.п. и изнесува 5,07%, а каматната стапка на девизните кредити се зголеми за 0,76 п.п. и изнесува 4,88%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Вкупната каматна стапка на депозитите во јануари 2023 година се зголеми за 0,07 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 0,93%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,05 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,31%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,08 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 0,63%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јануари 2023 година вкупниот промет на берзата регистрира пад од 43,5% на месечно ниво како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување за 34,6%.

Вкупниот промет на берзата во јануари 2023 година изнесува 196,7 милиони денари и истиот е намален за 78,2% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јануари 2023 година изнесува 5.842,8 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 3,4%, а во однос на истиот месец претходната година е намален за 6,2%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јануари 2023 година изнесуваа 3.775,58 милиони евра и во однос на претходниот месец регистрираа намалување од 2,3%, а во однос на јануари 2022 година се зголемија за 9,0%.